

***СИТЕ АДОЛЕСЦЕНТИ***
***КОИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД КОНТРАЦЕПЦИЈА***
***ТРЕБА ДА ОДЛУЧАТ***
***ЗА МЕТОДОТ И СРЕДСТВОТО***
***КОЕ ЌЕ ГО КОРИСТАТ***

***ВО ВРСКА СО ТОА И ПОШИРОКО ОКОЛУ***
***СЕКСУАЛНОТО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ***
***МОЖАТ ДА СЕ КОНСУЛТИРААТ***
***ВО СОВЕТУВАЛИШТЕТО ЗА СЕКСУАЛНО И***
***РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ***
***ПРИ ЦЕНТАРОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ СКОПЈЕ***
***И КАЈ СВОИТЕ МАТИЧНИ ГИНЕКОЛОЗИ***


***ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ-СКОПЈЕ***

**www.cph.mk**
**info@cph.mk**


# КОНТРАЦЕПЦИЈА



**ЗА ДА ИЗБЕРЕТЕ НАЧИН**
**НА КОНТРАЦЕПЦИЈА**
**ПОТРЕБНО Е ДА СТЕ ИНФОРМИРАНИ**

**(1) ЗА НЕЈЗИНИТЕ ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ**
**(2) ЗА МОЖНИТЕ ПРИДРУЖНИ/НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ**
**(3) КОЛКУ СЕ КОНТРАЦЕПТИВНИТЕ СРЕДСТВА СИГУРНИ ЗА ЗАШТИТА ОД НЕСАКАНА БРЕМЕНОСТ**
**(4) КОЛКУ СЕ КОНТРАЦЕПТИВНИТЕ СРЕДСТВА СИГУРНИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ**

**ЗА ИЗБОРОТ НА КОНТРАЦЕПЦИЈА ВАЖНА Е**

**→ ВОЗРАСТА,**
**→ ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА,**
**→ ЗАЧЕСТЕНОСТА НА СЕКСУАЛНИТЕ ОДНОСИ**
**→ ЛИЧНИТЕ СТАВОВИ И УБЕДУВАЊА**

**ВО ВРСКА СО СЕТО ОВА**
**ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ПОДЕТАЛНО ВО**
***СОВЕТУВАЛИШТЕТО ЗА СЕКСУАЛНО***
***И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ*** **во ЦЕНТАРОТ ЗА ЈАВНО**
**ЗДРАВЈЕ - Скопје**

## *СОВЕТИ*

**НАМЕРНОТО ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТА**
**МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКА СТЕРИЛИТЕТ,**
**СЕРИОЗНИ ЗДРАВСТВЕНИ ПРОБЛЕМИ,**
**ПОСЛЕДИЦИ И КОМПЛИКАЦИИ !**

***ОДЛУКАТА***
***ЗА ИЗБОР НА КОНТРАЦЕПЦИЈАТА***
***ТРЕБА ДА ОДГОВАРА***
***НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ НАВИКИ***
***НА ЖИВЕЕЊЕ И НА ВАШИТЕ ЧУВСТВА.***

***КОРИСТЕЊЕТО КОНДОМ***
***НЕ ЗНАЧИ НЕДОВЕРБА КОН ПАРТНЕРОТ,***
***ТУКУ ЗАШТИТА ОД НЕСАКАНА БРЕМЕНОСТ***
***И СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ !***

## ***<u>ШТО Е ТОА КОНДОМ?</u>***



***Кондомот е контрацептивно средство за заштита од несакана бременост и за заштита од сексуално преносливи инфекции и болести.***

***Кондомот го спречува продирањето на сперма во матката.***

***Безбедноста на кондомот зависи од тоа дали тој се употребува правилно.***

***Метода базирана врз познавањето на <u>ПЛОДНИТЕ ДЕНОВИ КАЈ ЖЕНАТА</u>-***

***-природна метода со мерење на базалната температура***

***Нормалната телесна температура изнесува $36.6^{0}C$, додека за време на овулација телесната температура се зголемува за $0.5^{0}C$***

***– тоа се плодни денови и треба да се апстинира од сексуални односи без користење на средство за контрацепција.***

***Оваа метода се <u>применува само при редовен менструален циклус</u> – <u>(1)</u> <u>не е многу сигурна</u> и <u>(2)</u> <u>не им се препорачува на адолесцентите</u>.***

## ПРАВИЛНО КОРИСТЕЊЕ НА КОНДОМОТ

- Кондомот се поставува кога машкиот полов орган е во ерекција;
- при тоа треба да се внимава кондомот да не се оштети;
- оштетениот кондом се заменува со нов;
- после ејакулација кондомот се вади додека пенисот е во ерекција и се внимава спермата да не се истури; се завиткува и се фрла во корпа за отпад;
- при секој полов однос се користи нов кондом;
- потребно е да се внимава на рокот за употреба и
- на квалитетот на кондомот;
- пенисот да не се премачкува со препарати врз основа на масти, бидејќи така кондомот може да се измести за време на половиот однос;
- пред секоја употреба потребно е кондомот да се провери да не е оштетен.

***Адолесцентите често разговараат за СПИРАЛАТА и нејзината функција. За што станува збор?***

***Спиралата***

(1) спречува спермата да навлезе во матката
(2) ја штити жената од несакана бременост во период од една до десет години
(3) се препорачува за жени кои веќе родиле и обезбедува голема сигурност од несакана бременост

***Предности на спиралата:***

- Обезбедува долготрајна заштита од бременост
- Не влијае врз сексуалниот однос
- Нејзиниот ефект започнува веднаш со поставувањето
- По нејзиното вадење жената може непречено да забремени и да роди

***Несакани дејства од спиралата:***

- Го зголемува ризикот од инфекции и воспаление
- Може да предизвика обилни и долготрајни крвавења.

## Предности на кондомите:

Кондомите се сигурни во голема мера;

се користат само за време на половиот однос;

штитат од сексуално преносливи болести;

кондомите се евтини и

кондомите не го загрозуваат здравјето.

## Недостатоци на кондомите:

Користењето на кондомите го прекинува половиот однос;
кондомите може да се изместат ако не се користат правилно;
- тие лесно може да се оштетат со нокти или со накит.



## ИТНА КОНТРАЦЕПЦИЈА



Таблета ден потоа, се користи после незаштитен сексуален однос или после неуспех при користење на некое контрацептивно средство (на пример после оштетен кондом).

**КОНСУЛТИРАЈТЕ ГО МАТИЧНИОТ ДОКТОР!**

Таблетата може да ја земете во време од 72 часа после сексуалниот однос.

Таблетата ретко предизвикува несакани ефекти, како гадење и повраќање, кои се јавуваат спонтано и исчезнуваат после 24 часа.

# ***<u>СРЕДСТВА ЗА КОНТРАЦЕПЦИЈА</u>***

***ПРИРОДНА МЕТОДА***



***ХОРМОНСКИ ТАБЛЕТИ***



***КОНТРАЦЕПЦИСКИ ФЛАСТЕРИ***



***КОНТРАЦЕПЦИСКА ИНЕКЦИЈА***



***КОНТРАЦЕПЦИСКИ ИМПЛАНТИ***



***ДИЈАФРАГМИ И ЦЕРВИКАЛНИ КАПИ***



***СПЕРМАТОЦИДНИ СРЕДСТВА***



***СПИРАЛИ***

